Македонска академија на науките и уметностите
бул. „Крсте Мисирков“ 2, Скопје, Република Северна Македонија
тел.: + 389 02 3 235 400; факс: + 389 02 3 235 500
е-пошта: manu@manu.edu.mk

арх.бр. 02-854/2
дата 28.05.2024

Врз основа на член 23 од Законот за Македонската академија на науките и уметностите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/96, 5/2009 и 59/2012) и член 90 од Статутот на Македонската академија на науките и уметностите - Пречистен текст („Билтен“ бр.1/2013), Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Македонската академија на науките и уметностите („Билтен“ бр.1/2014), Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Македонската академија на науките и уметностите („Билтен“ бр.1/2015) и Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Македонската академија на науките и уметностите („Билтен“ бр.4/2020), а во врска со член 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 101/2019), Претседателството на Академијата, на 569. Седница одржана на 20 мај 2024 година, донесе

ОДЛУКА
за утврдување на листа на информации од јавен карактер

Член 1

Се потврдува Одлуката на Извршниот одбор за утврдување листа на информации од јавен карактер, во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Член 2

Се утврдува листа на информации од јавен карактер која ги создала и со кои располага Македонската академија на науките и уметностите, и тоа:

**-Акти (општи)**

(достапни во: Билтенот и на веб страница)

-тековни активности

(достапни во: огласна табла и на веб страница)

**-Годишни активности**

(достапни во: публикација и на веб страница)

**-Научноистражувачка и апликативна дејност**

(достапни во: публикации и на веб страница)

**-Рецензии за избор во звања**

(достапни во: Билтен и на веб страница)

**-Меѓународна соработка**
Договори за меѓународна соработка

( достапни во: службата за меѓународна соработка)

**-Библиотека**
Книжевен фонд, списанија, билтени, изданија, пристап до бази на податоци

(достапни во: Библиотеката на МАНУ)

**-Архив**
Архивски материјал

(достапни во: Архивот на МАНУ исклучиво
за научноистражувачка дејност)

**-Издавачка дејност**
Изданија на МАНУ

(достапни во: Библиотека на МАНУ)

**-Финаниско – материјално работење**
Годишен извештај за финансиско-материјално работење

(Достапен во: Управата за јавни приходи и веб страница)

**-Објавени постапки за јавни набавки**

(достапни на ЕСЈН и веб страница)

Член 3

Заштитени од правото на слободен пристап до информации се сите лични податоци чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци, како и сите информации утврдени како исклучок од слободен пристап до информации утврдени во член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 101/2019).

Член 4

Листата на информации од јавен карактер се објавува на веб страната на Македонската академија на науките и уметностите.

Член 5

Службено лице за посредување со информации при остварувањето на правото на слободен пристап на информации од јавен карактер со кои располага Академијата е Анета Јовановска.

Член 6

Со влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за утврдување листа на информации од јавен карактер, бр. 02-2530/1 од 18.09.2017 година.

Член 7

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Билтенот на Академијата.

Претседател на МАНУ,
акад. Живко Попов